# ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТОПАНСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА




## Содржина

Вовед ..... 2
ОСНОВНИ ЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ ..... 3
1. БДП – Бруто домашен производ ..... 3
2. Странски директни инвестиции (СДИ) ..... 4
3. Надворешно-трговска размена ..... 5
КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТУРСКАТА ЕКОНОМИЈА ..... 7
КАКО ДО ПОГОЛЕМА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ ЗЕМЈИ? ..... 8

# Вовед

Со воспоставувањето на дипломатските односи на 26 август 1992 година помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција, билатералните односи во изминатите 28 години ги карактеризира силната политичка и економска поддршка која Република Турција и’ ја дава на Република Северна Македонија. Поради историското и културно минато, двете земји имаат многу блиски и пријателски односи.

Согласно последните годишни податоци на Државниот завод за статистика, 2019 година беше многу позитивна година за трговските односи помеѓу Република Турција и Република Северна Македонија, со зголемување на вредноста на вкупната билатерална трговија, која достигна близу 540 милиони САД долари, или за 3,5% повеќе во однос на 2018 година.

Вредноста на македонскиот извоз изнесуваше 87,2 милиони САД долари, што претставува намалување од 9,3% во споредба со 2018 година. Увозот од Турција достигна вредност од 452,7 милиони САД долари, со раст од 6,4% во споредба со 2018 година.

Република Турција перманентно се наоѓа на листата на првите неколку земји со кои нашата држава има најголем обем на трговска размена, а во 2019 година е осми трговски партнер во надворешно-трговската размена на Република Северна Македонија.

Тековите на турските директни инвестиции во странство во Република Северна Македонија се концентрирани главно во градежништвото, банкарскиот и услужниот сектор, текстилот, сообраќајот, медицината и туризмот.



Билатералните односи помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција ги карактеризира интензивен политички дијалог и значајна динамика во соработката во сите области каде бројните реализирани посети на високо ниво, како и редовните средби помеѓу двете земји, исто така придонесуваат кон добрите политички односи.

# ОСНОВНИ ЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ

## 1. БДП – Бруто домашен производ

**Табела 1: БДП (бруто домашен производ)**

*(во милиони САД долари по постојани цени од 2010 според УНКТАД)*

| Период | Турција | Македонија |
|---|---|---|
| **1992** | 389.307 | 6.324 |
| **2002** | 521.371 | 6.904 |
| **2012** | 898.741 | 9.583 |
| **2018** | 1.237.357 | 11.240 |
| **Пораст/пад 2018/1992, во %** | 218 | 77,7 |

*Извор:УНКТАД*

Во табела 1 е прикажана големината на бруто домашниот производ (БДП) во поодделни години, каде во 1992 година турската економија била поголема за скоро 62 пати, а во 2018 година за скоро 111 пати од македонската во 2018 година.

Во 1992 година бруто домашниот производ на Турција изнесувал 389.307 милиони САД долари, а во 2018 истиот изнесувал 1.237.357 милиони САД долари. Со тоа турскиот БДП во 2018 година наспроти 1992 година се зголемил за 218% или во номинален износ за 848.050 милиони САД долари. Македонскиот БДП во износ од 11.240 милиони САД долари се зголемил во однос на 1992 година за 77,7% како релативен податок, додека пак во номинален износ истиот е зголемен за 4.916 милиони САД долари во однос на 1992 година кога изнесувал 6.324 милиони САД долари.

**Табела 2: БДП (бруто домашен производ) по глава на жител,**

*(во САД долари по постојани цени од 2010 според УНКТАД)*

| Период | Турција | Македонија |
|---|---|---|
| **1992** | 6.983 | 3.180 |
| **2002** | 8.003 | 3.370 |
| **2012** | 12.039 | 4.620 |
| **2018** | 15.027 | 5.396 |
| **Пораст/пад 2018/1992, во %** | 115,2 | 69,7 |

*Извор:УНКТАД*

Во табела 2 се прикажани податоците за БДП по глава на жител, како прв мерлив резултат за конкурентноста на националните економии. Од истата се гледа дека турскиот БДП по глава на жител во 2018 година се зголемил за 115,2% во однос на 1992 година, а македонскиот за 69,7%.

Но сепак, високиот процент на зголемувањето на нашиот БДП се однесува на мерењата на порастот на ниска економска основа. Во номинален износ Турција во 2018/1992 година го зголемила својот БДП по глава на жител за 8.044 САД долари, а Македонија за 2.216 САД долари.

Компарирано пак спрема номиналниот износ на БДП по глава на жител во двете држави во табелата 2, турскиот БДП по глава на жител во 1992 година, во вредност од 6.983 САД долари, е нешто повеќе од двојно поголем од македонскиот кој изнесувал 3.180 САД долари, додека во 2018 година турскиот БДП по глава на жител во износ од 15.027 САД долари исто така е скоро двојно поголем од македонскиот БДП по глава на жител кој изнесувал 5.396 САД долари.




## 2. Странски директни инвестиции (СДИ)

**Табела 3**

Кумулиран износ на СДИ од Турција во Македонија, во милиони евра

| Период | Турција | % на учество во вкупните СДИ во РСМ |
|---|---|---|
| 1997 | 0,7 | 0,5 |
| 2000 | 16,1 | 2,8 |
| 2005 | 25,1 | 1,4 |
| 2010 | 48,3 | 1,5 |
| 2015 | 214,6 | 4,9 |
| 2018 | 283,9 | 5,3 |

*Извор: НБРМ на РСМ*

Според прегледот на состојбите на СДИ во земјава од НБРМ, турските странски директни инвестиции (СДИ) се регистрирани во 1997 година во износ од 700 илјади евра. Во истата година, тие структурно учествувале со 0,5% во однос на вкупните инвестиции во земјава.

За периодот од 1997 - 2018 година Турција има вкупно инвестирано 283,9 милиони евра и истите заклучно со 2018 година учествуваат со 5,3% во вкупните странски директни инвестиции во државата кои изнесуваат 5.307 милиони евра.










## 3. Надворешно-трговска размена

Република Турција е значаен трговски партнер на Република Северна Македонија и перманентно се наоѓа на листата на првите десет земји со коишто нашата држава има најголем обем на трговска размена и деловна соработка.

**Табела 4: Надворешно-трговска размена на Македонија**

| | 1992 | 1997 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупна надворешно-трговска размена на Македонија со светот **(во милиони САД долари)** | 2.405 | 3.015 | 3.416 | 5.275 | 8.826 | 10.957 | 16.657 |
| Надворешно-трговска размена на Македонија со Турција **(во милиони САД долари)** | 50 | 73.8 | 62.7 | 160.2 | 312.6 | 396.4 | 539.9 |
| Учество на надворешно-трговската размена со Турција во вкупната надворешно-трговска размена на Македонија **(во %)** | 2,1 | 2,4 | 1,8 | 3 | 3,5 | 3,6 | 3,2 |

*Извор: Државен завод за статистика*



Набљудувано во релативни големини, учеството на надворешно-трговската размената со Турција во вкупната размена на Македонија со светот од 2,1% во 1992 година, заклучно со 2019 година тоа процентуално учество е 3,2% од вкупната надворешно-трговска размена на земјава, или во апсолутен износ изнесува 539.9 милиони САД долари и е за скоро 10 пати поголема во споредба со 1992 година.

Република Турција е многу важна земја за македонскиот извоз и се вбројува во традиционално најважните пазари за Македонија. Во скоро сите години од осамостојувањето, извозот во Турција во континуитет се зголемува, а во 2019 година изнесува 87,2 милиони САД долари или учествува со минорни 1,2% од вкупниот извоз на земјава (Табела 5).

**Табела 5: Македонскиот извоз**

| | 1992 | 1997 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен извоз од Македонија **(во милиони САД долари)** | 1.199 | 1.237 | 1.323 | 2.042 | 3.351 | 4.530 | 7.187 |
| Извоз на Македонија во Турција **(во милиони САД долари)** | 17.5 | 24.3 | 10.3 | 46.3 | 50.9 | 73.8 | 87.2 |
| Учество на извозот во Турција во вкупниот извоз на Македонија (во %) | 1,46 | 1,96 | 0,7 | 2,3 | 1,5 | 1,6 | 1,2 |

*Извор: ДЗС*

Карактеристично пак за структурното учество на нашиот извоз е дека доминираат производите од пониско доходовните гранки, од кои најголем дел од текстилната, кожарската, плоснато валани и други полуготови производи од сродни индустрии.

Во набљудуваниот период, вкупниот увоз на Македонија го карактеризира побрза динамика на раст од извозот, што укажува на перманентен надворешно-трговски дефицит.

**Табела 6: Македонскиот увоз**

| | 1992 | 1997 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен увоз во Македонија (во милиони САД долари) | 1.206 | 1.779 | 2.094 | 3.233 | 5.474 | 6.427 | 9.470 |
| Увоз на Македонија од Турција (во милиони САД долари) | 32.5 | 49.5 | 52.4 | 113.9 | 261.7 | 322.6 | 452.7 |
| Учество на увозот од Турција во вкупниот увоз во Македонија (во %) | 2,7 | 2,8 | 2,5 | 3,5 | 4,8 | 5 | 4,8 |

*Извор: ДЗС*

Надворешно-трговската размена на Македонија со Турција по правило сите години резултира со дефицит на македонската страна, којшто од година до година варира по својата големина, а најголем е во 2019 година во износ од 365,5 милиони САД долари.



# КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТУРСКАТА ЕКОНОМИЈА

Во голема мерка турската економија на слободен пазар е водена од нејзината индустрија, и се` повеќе од услужните сектори, иако нејзиниот традиционален земјоделски сектор се` уште сочинува околу 20% од вработеноста. Автомобилската, петрохемиската и електронската индустрија се зголемија и ги надминаа традиционалните сектори на текстил и облека во извозната структура на Турција. Турција е зависна од увозот на нафта и гас, но работи на создавање односи со голем број меѓународни партнери и презема чекори за зголемување на употреба на енергија од сопствени извори, вклучително и обновливи извори, нуклеарна енергија и јаглен.

- **Земјоделскиот сектор** учествува со 7% во БДП и вработува околу 19% од населението, каде околу 11% од територијата на Турција се користи како земјоделско земјиште. Главната земјоделска култура во земјата е пченицата. Турција е трет по големина извозник на тутун во светот и најголем производител на лешници, со речиси 70% од светското производство.

- **Секторот на услуги** сочинува 60% од БДП и вработува околу 54% од работната сила во земјата. Туризмот е значаен сегмент во услужниот сектор, кој генерира скоро 4% од БДП и е важен извор на девизи за земјата. Најпрофитабилен сегмент од турскиот хотелски сектор е за сместување и сервисни дејности со храна, со генерирање приходи од 4 милијарди евра во 2018 година, што претставува 91,3% од вкупната вредност на секторот. Развој на стратегија за туризам до 2023 година, според која Владата планира да развие мултифункционален пристап кон сегментот на туристички центар за слободно време, фокусирајќи се на одделни дестинации, ќе помогне да се зголеми побарувачката во турскиот хотелски сектор.

- **Автомобилската индустрија**, односно производството на турски автомобили порасна со просечна годишна стапка од 6,7% во текот на периодот 2014-2018 година, достигнувајќи 20,3 милијарди евра во 2018 година. Растот на производството на автомобили главно се должи на зголемената куповна моќ на турските потрошувачи и последователно на зголемената побарувачка од странство. Зголемената побарувачка од европските пазари, особено Италија и Франција, помогна во зајакнувањето на производството на автомобили во Турција. Околу 80% од автомобилите Турција ги извезува во Европа. Турција инвестираше многу во патната инфраструктура на земјата во последниве години, што исто така ја зголеми побарувачката за автомобили. Мостот



„Јавуз Султан Селим“ од 2,1 милијарди евра им даде на возачите на Истанбул дополнителна можност да го преминат Босфорскиот канал, што значително го намали сообраќајниот метеж во Истанбул.

Во последната деценија, Турција има инвестирано околу 80 милијарди евра во инфраструктурни проекти како што се мостови, автопатишта, тунели, железници и аеродроми. До 2023 година, Турција планира да инвестира околу 57 милијарди евра во инфраструктурни проекти. Ова ќе помогне да се консолидира позицијата на Турција како важен транспортен центар во регионот.

## КАКО ДО ПОГОЛЕМА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ ЗЕМЈИ?

Продлабочувањето на економската соработка помеѓу Македонија и Турција е одлична можност од чија реализација корист би имале двете земји, а притоа, важна поткрепа дава одличната политичка соработка помеѓу двете земји.

Севкупните односи се на високо ниво, тоа се две пријателски и братски земји, кои не се обременети со ниедно политичко прашање, имаат потпишано стратешко партнерство и низа билатерални договори, остваруваат успешна соработка и средби на сите нивоа, отворени се десет почесни конзулати на Република Северна Македонија ширум Турција и два турски конзулата - во Битола и во Охрид.

Република Турција е земја со која традиционално имаме одлични односи на политичко, културно и на економско ниво, имаме голем потенцијал за деловна соработка, и притоа не постојат пречки на патот за поинтензивна соработка на сите нивоа, за отворен дијалог, како и волја за реализација на тоа што би било договорено.



Унапредувањето на економската соработка помеѓу двете земјите е од особено значење за развојот на поширокиот регион на Југоисточна Европа, како дел во кој припаѓаме, каде постои голем потенцијал за интензивирање и продлабочување на досегашната соработка меѓу бизнис-заедниците, особено во делот на иновациите, образованието, новите технологии и подобрувањето на услугите и производите за полесен пристап на трети пазари. Потенцијал за соработка има во металниот и во електро-секторот, енергетиката, градежништвото, хемиската идустрија, фармацијата, туризмот. Турски компании како инвеститори се веќе присутни во значителен број во земјава, пред се` во банкарскиот сектор, градежништвото, сообраќајот, медицината, туризмот. Меѓусебното поврзување, размена на искуства, контакти, заедничко инвестирање, со цел создавање на производи со повисока додадена вредност ќе овозможат повисок раст и развој на двете економии.

- Република Турција е голем пријател и економски партнер на нашата земја и во таа насока гледаме можности да ја продлабочиме соработката. Македонија може да биде почетната точка за развој на турските бизниси и инвестиции во целиот регион на Западен Балкан, а Турција е значајна за Македонија како прва дестинација преку која може да се продира на пазарите на Блискиот Исток и африканските земји.

- Македонија е раскрсница, „срце на Балканот“, затоа треба да се зачуваат и да се развиваат добрите односи, што ќе влијае и на севкупните односи во целиот регион. Затоа ,неопходно е Македонија и Турција целосно да ја либерализираат трговијата со земјоделско-прехранбени производи, што поскоро да отворат дијалог на институционално ниво, со цел поголема економска соработка преку инвестиции од двете страни, како и заеднички настап на трети пазари.
- Продолжување и зголемување на успешната туристичка размена меѓу Репубика Северна Македонија и Република Турција, како и подигнување на повисоко ниво од сегашното е заедничка цел. Традиционалното македонско-турско пријателство, заедничките вредности и интереси, близината, зацврстените и воспоставени релации, како и големиот потенцијал да се подготви заедничка туристичка понуда, ќе придонесе да се привлечат поголем број туристи кои се заинтересирани за различни видови туризам.

- Покрај посакуваното зајакнување на добрите деловни релации, потребно е заедно да се посветиме на намалување на разликите и бариерите во трговската размена и поттикнување на компаниите за конкретни партнерства и меѓусебна соработка. Затоа, потребно е намалување или укинување на непреферцијалните бариери за увоз на македонски производи на турскиот пазар, што ќе придонесе за многу поголема трговска размена во сите сектори помеѓу двете земји.

- Република Северна Македонија има потпишано Договор за слободна трговија со Турција, па затоа треба да има зголемена соработка со Турција, која е стратешки партнер во сите области. Размената на искуства и информации меѓу македонската и турската бизнис-заедница е клучен фактор за продлабочување на веќе одлично поставената економска соработка меѓу двете земји, каде посебно треба да се обрне внимание на секторското поврзување меѓу компаниите на двете земја, во насока на воспоставување нови партнерства, во правец на заеднички настап на трети пазари.



- Турција и Македонија имаат мултидимензионални односи коишто моќта ја црпат од заедничката историја и култура. Досегашните односи кон малцинствата во двете земји се на високо ниво, каде турската заедница во Република Северна Македонија со своето активно присуство во сите сфери на живеењето, дава значаен придонес во целокупниот економски, културен и демократски развој на нашата држава. И кај двете страни постои сериозна подготвеност за продолжување на одличната соработка со Турската агенција за соработка и координација, со чија поддршка беа реализирани голем број проекти од областа на културата.

- Потребно е модернизација на домашната економија со учество на турскиот know-how, пред се` во индустриското и земјоделското производство, градежништвото и туризмот, користење на македонските ресурси за аутсорсинг услуги и вклучување во глобални синџири на додадена вредност преку релокација на турските извозници во Македонија, што се само некои од можностите за унапредување на соработката. На тој начин македонските компании ќе станат што повидливи за турските, а потенцијалните партнери од

Турција да добијат информации кои би биле одлучувачки за носење деловни одлуки за соработка со Македонија.

- Според бизнис-заедницата, без искрена политичка волја нема ниту промени, ниту брз билатерален напредок, но најважно е да постои политичка стабилност, да функционира правната држава, да има конзистентност и предвидливост на законодавството, како и ефикасен приватно-јавен дијалог. За да се зголеми економската поврзаност меѓу Македонија и Турција, потребно е двете влади да утврдат стратегија за натамошна соработка и да ги дефинираат приоритетите. Тие најмногу може да придонесат во заедничко користење на ЕУ-фондовите, пренесување на турското искуство за јавно приватно партнерство и во олеснување на постапките за водење бизниси.

Меѓународната економска соработка е единствената можност за зголемување на конкуренцијата на глобално ниво која придонесува за јакнење на националната конкурентност на стопанството.

Република Северна Македонија е мала земја, мала економија, но со големи можности. Отвореноста на нашата економија ни дава за право да се надеваме дека можеме да привлечеме многу бизнисмени, а преку вложување на максимални напори од страна на сите чинители да доведеме до поголема економска соработка помеѓу Македонија и Турција, која ќе резултира со можност за уште поголемо поврзување на најдобрите претприемачи од двете земји, нивни конкретни заеднички активности, а воедно и поголем прогрес на сите.

Приватниот сектор и претприемачкиот дух претставуваат движечка сила во глобалниот свет, сила која овозможува раст на економијата, придонесува за намалување на невработеноста и го трасира патот кон напредокот, со цел одржливост и долгорочен економски раст и развој.